Card operations Associate




# Специјалист за картично работење – дигитални паричници

# Cards operations specialist - digital wallets

**Локација:** Скопје/Охрид

**Оддел:** Дирекција за дигитални канали и организација

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000 клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилет и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

- Водење на end to end имплементација на услуги за дигитални паричници (издавање, provisioning, tokenization)
- Координација со картични шеми (Visa, Mastercard) и Token Service Providers (TSPs)
- Интеграција на wallet функционалности со core banking системи, процесори и мобилни апликации
- Управување со тестирање, UAT и продукциско пуштање
- Дијагностицирање и решавање на проблеми со provisioning или со трансакции
- Одржување на документација за имплементација и технички интеграции
- Соработка со повеќе Дирекции, Сектори, Оддели и Служби во рамки на организацијата и градење на односи на партнерство и доверба
- Комуникација со процесори, wallet провајдери и партнери од картичните шеми
- Идентификација на подобрувања во корисничкото искуство и перформансите
- Поддршка при мониторинг и оптимизација после имплементацијата
- Следење трендови во мобилни плаќања, токенизација и NFC технологии

## Кои квалификации се потребни

- Високо образование во областа на компјутерските науки, информациони системи, инженерство, бизнис, економија или сродна област
- Одлично познавање на издавање картички, процесирање трансакции и платежни системи
- 3–5 години искуство во дигитални плаќања, издавање картички или системска интеграција
- Практично искуство со Visa VTS, Mastercard MDES или слични платформи
- Искуство со API интеграции
- Длабоко разбирање на екосистемите на мобилни плаќања
- Одлични комуникациски и координациски способности
- Аналитичност, структуриран пристап и ориентираност кон решенија

## Кои ќе бидат твоите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивациско писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **10.12.2025 година** со назнака **„Апликација за Специјалист за картично работење – дигитални паричници“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!